1830
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51



# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ[ДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-19644

Петок, 16 ноември 1979
БЕЛГРАД
БРОЈ 58 ГОД. XXXV

Цена на овој број ... Претплатата за 1979 година изнесува 800 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650 155; Уредништво 651 855; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 651 671; Телекс 11756

## 804.

Врз основа на член 20 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ“, бр. 49/76), во врска со одредбите на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ“, бр 33/76), а во согласност со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1979 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 70/78) и одредбите на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и заедничките основи на кредитната политика во 1979 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 70/78), на предлог од Народната банка на Југославија во согласност со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1979 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/79) точка 14 се менува и гласи:

„14. Народната банка на Југославија преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини во 1979 година на Југословенската банка за меѓународна економска соработка (во натамошниот текст: Југословенска банка) ќе и одобрува краткорочни кредити за рефинансирање на извозот на опрема и на бродови на кредит и изведување на инвестициони работи во странство на кредит, и тоа под условите што важеа на ден 31 декември 1979 година.

Народната банка на Југославија од Југословенската банка нема да ги наплатува втасаните отплати по долгорочниот кредит кој на Југословенската банка и е пренесен врз основа на Одлуката за условите, начинот и постапката на пренесување на средствата, правата на обврските по кредитите дадени на Фондот за кредитирање и осигурување на извозни работи на Југословенската банка за меѓународна економска соработка („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/79). Каматата по тој кредит Народната банка на Југославија во 1979 година ќе ја наплатува од Југословенската банка по стапка од 1% годишно“

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр 947
1 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Бранислав Иконић**, с. р.

## 805.

Врз основа на член 49 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79), Сојузниот извршен совет, врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ ПРИ НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ОД 1 ЈУЛИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1978 ГОДИНА

1. Во Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема од 1 јули до 31 декември 1978 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 70/78, 6/79, 9/79, 14/79, 21/79, 26/79 и 49/79) во точка 1 зборовите: „до 31 октомври“ се заменуваат со зборовите: „до 30 ноември“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 951
7 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

## 806.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ГРАНКИ И ГРУПАЦИИ НА СТОПАНСТВОТО

1 Во Решението за продолжување на важењето на Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за определени гранки и групации на стопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/79 и 49/79), во точка 1 одредбата под 1 се брише, а во одредбата под 4 на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додаваат три нови одредби, кои гласат:

„5) Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во производството на натриум перборат („Службен лист на СФРЈ“, бр. 48/79);

6) Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во производството на толуолдиизоцијанати (TDI) („Службен лист на СФРЈ“, бр. 50/79);

7) Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за производство на трихлоретилен и перхлоретилен („Службен лист на СФРЈ“, бр. 54/79).“

2. Во точка 2 зборовите: „до 31 октомври“ се заменуваат со зборовите: „до 30 ноември“.

3 Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 950
7 ноември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**807.**

Врз основа на член 29 став 1 точка 9 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“. бр. 10/76 и 36/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЗВУЧНИ КНИГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛЕПИ ЛИЦА

1. Се ослободува од плаќање царина увозот на производи од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на звучни книги за потребите на слепите лица и делови и прибор за одржување на таа опрема:

| „Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 92 11/2 | Други електрични грамофони и апарати за репродукција на звукот<br>Ex.<br>Четириканални касетни апарати, за слепи, за репродукција на звукот, со можност за репродукција при брзина од 2.38 cm/s, заедно со приклучен прибор |
| 92.11/4б | Магнетофони<br>Ex.<br>Четириканални касетни магнетофони за слепи, за снимање и репродукција на звукот, со можност за репродукција при брзина од 2 38 cm/s, заедно со приклучен прибор |
| 92.11/4в | Апарати за снимање или репродукција на звукот, друго<br>Ex.<br>Модулни уреди за дуплицирање на магнетни ленти и касети, во вид на системи за изменети модулни единици, заедно со припаѓачкиот сет на инструменти и алати за дотерување и одржување.“ |

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 948
1 ноември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Бранислав Иконић,** с. р.

**808.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦАРИНСКИОТ КОНТИНГЕНТ СО КОЈ СЕ НАМАЛЕНИ ЦАРИНИТЕ НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ГРАНКИ И ГРУПАЦИИ НА СТОПАНСТВОТО

1. Во Решението за продолжување на важењето на Решението за царинскиот контингент со кој се намалени царините на увозот на специфична опрема за определени гранки и групации на стопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/79, 7/79, 12/79, 14/79, 21/79, 26/79 и 49/79) во точка 2 зборовите: „до 31 октомври“ се заменуваат со зборовите: „до 30 ноември“.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 949
7 ноември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**809.**

Врз основа на член 7 од Законот за државниот печат на СФРЈ и за печатите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72), сојузниот секретар за внатрешни работи, донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА РАБОТАТА НА ПЕЧАТОРЕЗНИЦИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНИОТ ПЕЧАТ НА СФРЈ И НА ПЕЧАТИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

Член 1

Со овој правилник се регулира начинот на работата на печаторезниците (организациите на здружен труд и занаетчиските дуќани) овластени за изработка на државниот печат на СФРЈ и на печатите на сојузните органи.

Член 2

Државниот печат на СФРЈ и печатите на сојузните органи (во натамошниот текст: печатите) мо-

жат да ги изработуваат само печаторезниците што за тоа ќе бидат овластени.

Овластувањето од став 1 на овој член го издава Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Член 3

Во барањето за издавање на овластувањето за изработка на печати се наведува фирмата, односно називот, седиштето и адресата на печаторезницата; име на одговорното лице во печаторезницата, односно име на сопственикот на занаетчискиот дуќан, како и имињата на стручните лица вработени во печаторезницата.

Во барањето од став 1 на овој член се наведува под кој број и кај кој суд е извршен упис во регистарот.

Член 4

Печаторезниците овластени за изработка на печати можат да изработуваат печати само врз основа на писмена порачка на сојузниот орган, и тоа според текстот, формата, големината и во бројот што ќе го определи порачувачот.

Член 5

Печаторезниците овластени за изработка на печати се должни:

1) да водат евиденција за печатите што ги изработиле. Евиденцијата треба да содржи: назив на порачувачот, број и датум на актот со кој печатот е порачан, отпечаток на печатот, број на изработените примероци за секој печат и неговите поблиски ознаки;

2) да ги обезбедат од кражба и злоупотреба готовите печати и матриците што им служеле за изработка на печатите, до продажбата на порачувачот;

3) при предавање на печатите на порачувачот да му ги вратат матриците што служеле за изработка на печатите или да ги уништат во присуство на лицето или на комисијата што ќе ја овласти порачувачот, ако, со оглед на техниката на изработката ,не можат да се одвојат од алатот;

4) пробните или неуспешните примероци на печатите, како и матриците што не можат да се раздвојат од алатот а служат за изработка на печати за повеќе порачувачи, да ги уништат во присуство на лицето или на комисијата што ја овластил порачувачот.

Член 6

Овластувањето дадено на печаторезницата за изработка на печати ќе ѝ се одземе ако печаторезницата не се придржува кон одредбите на овој правилник.

Член 7

Печаторезниците што врз основа на овластување изработувале печати, поднесуваат барања за издавање на овластувања за изработка на печати, според одредбите на овој правилник, до Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 032-4-4/3
8 октомври 1979 година
Белград

Сојузен секретар за
внатрешни работи,
**Фрањо Херлевиќ, с. р.**

## 810.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛЕПИЛА ЗА ДРВО

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за лепило за дрво, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Лепила за дрво. Карбамидно лепило. Технички услови за изработка и испорака — — — — — JUS H.K2.023

2) Лепила за дрво. Фенолно лепило. Технички услови за изработка и испорака — — — — — — — JUS H.K2.024

3) Лепила за дрво. Резорцинско лепило Технички услови за изработка и испорака — — — — — — JUS H.K2.025

4) Методи за испитување на лепила за дрво. Време на приготвување на лепилото за употреба, работно време, брзина на стврднување и рок на употреба — — — — — — JUS H.K8.025

Член 2.

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на лепилата за дрво што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Лепила за дрво. Карбамидно лепило — — — — — — — — JUS H.K2.023

2) Лепила за дрво. Фенолно лепило — — — — — — — — JUS H.K2.024

3) Методи на испитување на лепила за дрво.
Време на приготвување на лепилото за употреба, работно време и рок на употреба — — — — — — — JUS H.K8.025

донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на лепилата за дрво („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/64).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на четири месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13-14334/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ, с. р.**

811.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди од областа на градежништвото, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Цемент. Начин на испорака, пакување, сместување и земање мостри — — — — — — — — JUS B.C1.012

2) Градежна вар. Начин на пакување, испорака, сместување и земање мостри — — — — — — JUS B.C1.021

3) Градежна вар. Методи на хемиско испитување — — — — — JUS B.C8.040

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на градежните материјали од овој правилник што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Градежна вар. Земање мостри и методи на хемиското испитување JUS B.C8.040 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/76).

2) Цементи. Начин на пакување, испорака, сместување, земање мостри и докажување на квалитетот на цементот — — — — — — — — JUS B.C1.012 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/75).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-14329/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

812.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЕЛЕМЕНТИ ЗА СПОЈУВАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за елементи за спојување кој го има следниот назив и ознака:

Елементи за спојување.
Прстенести осигурувачи за оски JUS M.B2.153

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на прстенестите осигурувачи на оски што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила на 1 јануари 1981 година.

Бр. 14-14327/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

813.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ВАРОВИТО-СИЛИКАТНА ТУЛА ЗА ЅИДАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за варовито-силикатна тула за ѕидање кој го има следниот назив и ознака:

Варовито-силикатна тула за ѕидање. Полна тула, шуплива тула и шупливи блокови. Технички услови за изработка и испорака — — — JUS U.N3.300

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на варовито-силикатните тули за ѕидање што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-14389/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ,** с. р.

**814.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЗАВРШНИТЕ РАБОТИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за завршните работи во градежништвото што го има следниот назив и ознака:

Завршни работи во градежништвото. Технички услови за изведување на стаклорезачките работи — JUS U.F2.025

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот од два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-14331/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ,** с. р.

**815.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард од областа на текстилната индустрија што го има следниот назив и ознака:

Текстилни хемиски влакна. Термини — — — — — — — — — JUS F.A0.014

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13-14335/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ,** с. р.

**816.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МАГНЕТСКИ ЛИМОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за магнетски лимови што го има следниот назив и ознака:

Магнетски лимови. Методи на испитувањето. Подготовка на мостри за проверка на квалитетот и за испитување на магнетните својства — JUS C.K5 025

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој пра-

вилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот од два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-14336/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 817.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА РАДИО-КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди од обласата на радиокомуникациите што го имаат следниот назив и ознаки:

1) Радио-комуникации. ТВ-приемници. Методи на мерењето. Осетливост — — — — — — — — — JUS N.N6.130

2) Радиокомуникации. ТВ-приемници. Методи на мерењето. Селективност и одѕиви на несакани сигнали JUS N.N6.131

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот од два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-14333/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 818.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТЕН АЛАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за работен алат што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Кружни пили за метали. Форми на запци, стеснување на профилите и точност на изработката — JUS K.D2.013

2) Кружни пили за метали со ситни запци — — — — — — JUS K.D2.150

3) Кружни пили за метали со крупни запци — — — — — — JUS K.D2.151

4) Кружни пили за метали, сегментни — — — — — — — — JUS K.D2.160

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS K.D2.160 чија примена не е задолжителна југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на кружните пили за метали што се произведуваат, односно увезуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Пилести глодала за метали. Форми на запците, стеснување и форма на профилите и точност на изработката на глодалата — — — JUS K.D2.013

2) Пилести глодала за метали, со ситни запци — — — — — — JUS K.D2.150

3) Пилести глодала за метали, со крупни запци — — — — — — JUS K.D2.151

донесени со Решението за југословенските стандарди за работен алат („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/69).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот од два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 14-14328/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**819.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ХАЛОГЕНСКИ ДЕРИВАТИ НА ЈАГЛЕНОВОДОРОД

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за халогенски деривати на јаглеcivodород, кој го има следниот назив и ознака:

Халогенски деривати на јаглеводород. Трихлоретилен, технички, стабилизиран — — — — — — JUS H.B2.030

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на трихлоретиленот, технички, стабилизиран, што ќе се произведе, односно увезе од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Халогени деривати на јаглеводород. Трихлоретилен, технички, стабилизиран — — — — — — JUS H.B2.030 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на хемиската индустрија („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13-14342/1
5 септември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ,** с. р.

**820.**

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство и претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, директорот на Сојузниот завод за стандардизација издава

## НАРЕДБА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕРАБОТКА НА ПЧЕНИЦАТА

1. Наредбата за начинот на преработка на пченицата („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/76) престанува да важи.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-17440/1
23 октомври 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ,** с. р.

**821.**

Врз основа на член 21 од Статутот на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/76, 26/77 и 15/78), Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО И ЗА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА САМОУПРАВНАТА КОНТРОЛА НА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНОВИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Се распишуваат избори за делегати во Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи (во натамошниот текст: Заедница за домување) и за членови на Одборот на самоправувната контрола на Заедницата на домувањето.

2. Изборите за делегати во Собранието и изборите за членови на Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето што ги избираат делегациите на работните заедници во сојузните органи и организации и во подрачните сојузни органи и организациони единици (во натамошниот текст: делегации на работните заедници), ќе се извршат на 13 февруари 1980 година.

3. Изборите за делегати во Собранието и изборите за членови на Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето што ги избираат делегациите на станарите, ќе се извршат на 10 февруари 1980 година.

4. Изборите за делегати и за членови на Одборот на самоуправната контрола од точ. 2 и 3 на оваа одлука ќе се извршат по изборни единици, определени со посебна одлука на Собранието на Заедницата на домувањето.

5. Сојузниот извршен совет ќе ги определи делегатите на сојузните органи во Собранието и членот во Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето во рокот определен со точка 2 од оваа одлука.

6. Делегациите на работните заедници, што со самоуправните општи акти на работните заедници се формирани за учество во вршењето на функциите на собранијата на самоуправните интересни заедници од стопанството, комуналните дејности, домувањето и вработувањето, ќе избираат делегати во Собранието и членови во Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето.

7. Станарите во станбениот фонд на сојузните органи и организации ќе формираат делегации на станарите за учество во вршењето на функциите на Собранието и на Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето, согласно со Одлуката за определување на подрачјето за фор-

мирање на делегации на станарите, најдоцна 30 дена пред денот определен со точка 3 од оваа одлука.

8. Кандидирањето и изборот за членовите на делегациите, за делегати на Собранието и за членови на Одборот на самоуправната контрола на Заедницата на домувањето, се врши во согласност со законот и правилата на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и на Сојузот на синдикатите според постапката што ќе ја утврди Конференцијата на синдикатот на сојузните органи и организации со надлежната градска, односно надлежната општинска конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ.

9. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи изборната комисија на Собранието на Заедницата на домувањето.

Изборната комисија од став 1 на оваа точка ќе формира комисија за изработка на избирачки списоци за станарите, избирачки одбори за избор на членовите на делегациите на станарите и други изборни тела, ќе подготви изборен материјал (обрасци) и ќе се грижи за законитото спроведување на изборите.

Поблиските овластувања на изборната комисија од став 1 на оваа точка ќе се утврдат со одлуката за формирање на комисијата и за именување на нејзините членови.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02/2-2204/1-1979
8 ноември 1979 година
Белград

Претседател на Собранието
на заедницата на домувањето,
**Лео Матес,** с. р.

---

# ОДЛУКА

## ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБАТА ОД ЧЛЕН 16 СТАВ 2 НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И НА ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ

1. Општествениот правобранител на самоуправувањето за општините Прилеп и Крушево поведе постапка пред Уставниот суд на Југославија да се оцени дека одредбата на член 16 став 2 од Законот за привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и на општествената сопственост („Службен весник на СР Македонија", бр. 13/78) е во спротивност со одредбата на член 633 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/76).

